КБ
ПРВО
ПЕНЗИСКО
ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk

Декември **2021**



# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Информациите дека новата варијанта на корона вирус (Омикрон) и покрај тоа што е позаразна од претходните варијанти е придружена со значително послаби симпотими и мала стапка на хоспитализација беше позитивно протолкувано од инвеститорите. Ова, заедно со позитивните економски резултати и сеуште релаксирачката монетарна политика доведоа до раст на пазарите на капитал во месец декември.

Глобалниот индекс MSCI ACWI во текот на месецот се зголеми за 3,90%, а при тоа најголем раст имаа акциите на европските компании (мерени преку STOXX 600 индексот) и американските акции (мерени преку S&P 500 индексот). Од почеток на годината најголем раст имаат американските акции со раст од 26,89%, како и акциите на европските компании (мерени преку STOXX 600 индексот) со раст од 22,25%.




MSCI ASIA - PACIFIC - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик

MSCI EMERGING MARKET - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој

STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)

S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација

MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Овој месец вредноста на МБИ 10 индексот ја зголеми вредност за 4,53%, со што растот од почетокот на годината изнесува 30,79%. Во текот на месецот, најголем раст на вредноста имаа акциите на Комерцијална Банка со раст од 10,06% додека значителен пад имаа акциите на Стопанска Банка Битола со пад од 8,69%.
Од почеток на годината сите акции во индексот имаат раст. Најголем раст од почеток на годината имаат акциите на Комерцијална Банка и НЛБ Банка со раст од 60,64% и 58,58% соодветно.






*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Континуираното зголемување на стапките на инфлација го зголеми стравот за промена на политиката на ниски каматни стапки, што доведе до раст на приносите на државните обврзници од почетокот на годината.  На крајот годината, највисок принос од анализираните обврзници имаа македонската и американската со принос од 2,20% и 1,51% соодветно, додека германската десетгодишна обврзница има најнизок принос од -0,18%.






**Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 06/03/2026*
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец декември најголем раст во однос на еврото имаа австралискиот долар (AUD) со раст од 1,65%, додека значителен пад имаа јапонскиот јен (JPY) со пад од 2,00% и руската рубља (RUB) со пад од 1,68% . Од почеток на годината, пад во однос на еврото имаше само јапонскиот јен (JPY), а за истиот период значителен раст на вредноста имаа кинескиот јуан (CNY) чија вредноста се зголеми за 10,80% и американскиот долар (USD) со раст од 7,42%.

Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*